Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-158/4
13.11.2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-158/1 од 29.01.2025 година поднесена од -------, против -------, за извршена дискриминација врз основа на нечленување во синдикална организација, во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на нечленување во синдикална организација во областа на работата и работните односи сторена од страна на ------- врз ------- и останатите вработени во -------кои не се членови на -------.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-158/1 од 29.01.2025 година, од страна на -------, со адреса на живеење на ул. -------, за сторена дискриминација врз основа на нечленување во синдикална организација во областа на работата и работните односи, од страна на -------.

Подносителката ја поднесува предметната претставка за заштита од дискриминација истакнувајќи наводи за дискриминација врз нејзе, а во врска со исплата на надоместок за јубилејна награда. Дискриминацијата ја темели на наводите дека на неа и е исплатен помал паричен износ на јубилејна награда, споредбено со други вработени кај работодавачот, врз основа на тоа што таа не е член на Синдикатот за -------. Имено, во претставката е истакнато дека на 25.11.2024 година, поднела Барање за исплата на јубилејна награда (доставено во прилог), до работодавачот -------. На 06.12.2024 година, добила решение за исплата на надоместок за јубилејна награда во висина на награда од 18.370,00 денари, односно во висина на 50% од просечната нето плата во РСМ во претходната година (доставено во прилог). Во исто време, на истиот датум 06.12.2024 година, заедно со неа, Барање за исплата на јубилејна награда поднеле 7 (седум) вработени. На неа и уште еден вработен им е донесено решение за исплата на надоместок на јубилејна награда во висина од 18.307,00 денари, додека на останатите 5 (пет) вработени им бил исплатен надоместок за јубилејна награда во висина од 36.614,00 денари, односно во висина од една просечна плата во РСМ исплатена во претходната година (доставено во прилог). На прашањето зошто е толкава разликата во износот на паричниот надоместок помеѓу вработените, директорката на -------, -------, таа отсечно и одговорила дека не е член на синдикат.

На 16.12.2024 година, вложила приговор (доставен во прилог) преку Адвокат -------, до управниот одбор на -------, со кој се приговара на тоа врз која основа работодавачот утврдил дека на двајца вработени за исплата на јубилејна награда, им следува 50% од просечната нето плата-во РСМ во претходната година, а на останатите 5 (пет) вработени им следува 100% од истата основица. Управниот одбор со решение и го одбил приговорот на 26.12.2025 година. Следствено, истакнува дека се прашува кој ја исплаќа јубилејната награда, дали работодавачот или Синдикатот. Понатаму, таа се повикува на членовите 9, 32 и 51 од Уставот на РСМ, на членовите 12, 185, 206 и 208 од Законот за работните односи, согласно кои истакнува дека исплатата на надоместокот за јубилејните награди треба да биде иста за сите вработени, независно од тоа дали се членови на ------- или не. Па во таа насока, истакнува дека согласно членовите 5, 6 и 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, таа е дискриминирана од страна на работодавачот врз основа на тоа што не е член на синдикат.

Во прилог на претставката се доставени и одлуките за исплата на јубилејни награди: Решение бр. 04-191/2 од 06.12.2024 година донесено од страна на в.д. директорот на ------- и Решение бр. 04-189/2 од 06.12.2024 година. Притоа, така донесените одлуки уредуваат различни износи на јубилејни награди за 10 години непрекината работа кај работодавачот за вработените кои се членови на синдикатот во однос на оние кои не се членови на синдикатот. Оттука, на работниците членови на ------- им се исплаќаат јубилејни награди за непрекината работа кај ист работодавач во износ од 36.614,00 денари, а на работниците кои не се членови во износ од 18.307,00 денари.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 06.02.2025 година испрати Барање за произнесување по наводите од претставката бр. 08-158/2 до -------.

На 187.02.2025 година, -------, преку в.д. директорот се изјасни за наводите во претставката. Во одговорот истакнуваат дека ------- врз основа на член 20 став 1 и 4 од Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на РСМ“ бр.154/2023) донело Решенија за исплата на надоместок за јубилејна награда бр. 04-192/2 од 06.12.2024 година и 04-191/2 од 06.12.2024 година, со кои на вработените ------- и ------- им определил да се исплати надоместок за јубилејна награда за 10 (десет) години непрекината работа кај ист работодавач во висина од 18.307,00 денари, односно 50% од просечната нето плата во Републиката во претходната година. Незадоволни од ваквото Решение, вработениот ------- на ден 18.12.2024 година, поднел Приговор со архивски број ------- од 18.12.2024 година, а ------- поднела Приговор заведен под архивски број ------- од 16.12.2024 година. Управниот одбор, на состанокот одржан на 24.12.2024 година донел Решенија број ------- и -------, двете од -------.2024 година со кои Приговорите поднесени против Решенијата 04-191/2 и 04-192/2, двете од 06.12.2024 година, се одбиваат како неосновани. Истите, незадоволни од таквите решенија на Управниот одбор, поднеле

тужби до надлежен суд.

Понатаму, истакнуваат дека подносителите ------- и ------- во времето на поднесување на Барањето за исплата на јубилејна награда и кога е донесено Решението за исплата на надоместок за јубилејна награда, не биле членови на -------, па поради тоа в.д. Директорот донел Решенија согласно членот 20 став 4 од Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на РСМ“ бр.154/2023). Наведуваат дека Уставниот суд донел Решение У.бр. -------од ------- година, со кое Решение не се повело постапка за оценување на уставноста и законитоста на повеќе членови од Колективниот договор за -------, вклучително и на членот -------, односно ја потврдил законитоста на Колективниот договор. Истакнуваат дека во своето Решение, Уставниот суд навел дека „Тргнувајќи од анализата на наведените уставни одредби и одредбите од Законот за работните односи наспрема наводите од иницијативата дека со оспорените членови од Колективниот договор за -------, одредена група на работници вработени во јавни установи -------, кои не се членови на репрезентативен синдикат имаат помали права од работниците кои се членови на синдикат се повредуваат уставните и законските одредби кои се однесуваат на правото на еднаквост, според Судот, се неосновани.“.

Дополнително на тоа, наведуваат дека ------ има поднесено до Комисијата за толкување на Колективен договор за -------, барање за толкување на сите членови од колективниот договор каде одредени права се даваат единствено на членовите на синдикатот. Согласно добиеното толкување на бараните членови било појаснетп дека на вработените кои не се членови на синдикатот не им се повредени загарантираните права утврдени со уставот и законите, од причина што се работи за грански колективен договор, одредени поповолни правни норми содржани во истиот можат да важат само за работниците членови на Синдикатот. Следствено на наведеното, истакнуваат дека од сите приложени докази произлегува дека наводите на подносителката дека била дискриминирана се неосновани, па предлагаат да биде донесено мислење со кое не се утврдува дискриминација.

Во прилог доставуваат во копии: Решение У.бр. ------- од -------година од Уставен суд на РСМ; Барање за автентично толкување број 03-254/2 од 28.11.2022 година; Одговор на барање за автентично толкување на членови од Колективниот договор бр. 03-74/1 од 13.03.2023 година.

Комисијата постапувајќи по претставката од подносителката, во предвид го зеде своето Мислење бр. 08-70/1 од 13.01.2025 година, со кое утврди директна дискриминација врз основ на нечленување во синдикат врз вработена во друга -------, но и врз сите вработени во јавни установи -------, исто така, во однос на признавање и остварување на право на јубилејна награда, кое произлегува од Колективниот договор за -------. Меѓу препораките во тоа мислење, кои се однесуваа на работодавачот јавната установа -------, како и на страните потписничи на горенаведениот колективен договор, Миниестерството за ------- ------- и -------, дадена беше препорака и за сите работодавачи да вршат воедначено исплаќање на јубилејни награди, согласно


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

посебниот колективен договор, за сите вработени независно од нивното членување или нечленување во синдикат.

Земајќи ги предвид наводите во претставката и наводите во изјаснувањето од работодавачот, како и горенаведеното Мислење, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека и кон подносителката -------и останати вработени е сторена дискриминација од страна на работодавачот ------- врз основа на нечленување во синдикат.

Имено, Комисијата утврди дека преку склучувањето на Колективниот договор за -------, вработените во овие јавни установи кои не членуваат во Синдикатот за образование, наука и култура се во понеповолна положба, со тоа што им се ограничува пристапот до еднаква јубилејна награда како и останатите вработени во -------, врз основ на нивното нечленување во -------. Следствено на ова, одредбите на Гранскиот колективен договор за ------- претставуваат директна дискриминација врз ------- и останатите вработени кои не членуваат во -------, согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*

Дополнително на ова, во конкретниот случај се утврдува директна дискриминација согласно член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација кој гласи:

*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“*

Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ бр. 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 110/2019; 267/2020; 151/2021; 288/2021; 111/2023; 39/2025; 74/2025 и 124/2025), предвидува општа забрана за дискриминација во член 6, согласно која:

*„(1) Работодавачот не смее барателот на вработување (во натамошниот текст: кандидат за вработување) или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување,* ***членување во синдикатите****, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.“*

Оттука, разгледувајќи ги следните одредби од Општиот колективен договор за јавниот сектор и Гранскиот колективен договор за -------, Комисијата го утврди следното:

Согласно член 20 став 1 од Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на РСМ“ бр. 154/2023):

***„(1) Работникот има право на надомест на трошоците поврзани со работата, утврдени со закон и колективен договор и тоа:***
*- дневници за службени патувања во земјата;*
*- дневници за службени патувања во странство согласно со Уредбата за издатоците за службен пат и селидби во странство, што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци;*
*- теренски додаток во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл.);*
*- за одвоен живот од семејството, доколку вработениот кој има семејство за издржување, за потребите на работодавачот е распореден на работно место што е надвор од местото за кое засновал работен однос и е надвор од местото на живеење;*
*- за користење на сопствен автомобил за потребите на работодавачот во висина од 20% од цената на еден литар гориво, што го користи автомобилот за секој изминат километар, доколку е издаден патен налог;*
*- за селидба во друго населено место, за потребите на работодавачот;*
*- во случај на смрт на работникот;*
*- во случај на смрт на член на потесно семејство на работникот, согласно закон;*
*- за непрекинато боледување подолго од 6 месеци;*
*- за отпремнина при заминување во пензија и*
***- за јубилејни награди.“***

Во член 20 став 4 од наведениот **Општ колективен договор** се уредени износите на предвидените јубилејни награди за вработените во јавниот сектор и гласи:

*„Јубилејните награди се исплаќаат за непрекината работа кај ист работодавач за најмалку 10, 20, 30 и 40 години работен стаж во висина од најмалку:*
*- 50% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 10 години стаж;*
*- 100% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 20 години стаж;*

*- 150% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 30 години стаж и*
*- 200% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 40 години стаж."*

Член ------- од **гранскиот Колективен договор за** -------, склучен помеѓу Министерството за -------и -------, ги уредува јубилејните награди за вработените членови на синдикатот и гласи:

*„(1) Работникот член на Синдикатот, има право на јубилејна награда за непрекината работа кај ист работодавач и тоа за:*
*- 10 години работа во висина од 1 просечна месечна плата*
*- 20 години работа во висина од 2 просечни месечни плати*
*- 30 години работа во висина од 3 просечни месечни плати*
*- 40 години работа во висина од 4 просечни месечни плати*
*(2) Износот на надоместокот за јубилејната награда се исплаќа од средствата на основачот односно самофинансирачка сметка на работодавачот, во висина на исплатена просечната месечна плата во Република Северна Македонија, исплатена во претходната година, објавена од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија."*

Оттука, вака формулираната одредба на Колективниот договор за ------- се спротивни на член 185 став 2 од Законот за работни односи, кој гласи:

*„Никој не смее да биде ставен во понеповолна положба поради членство или **нечленство** во синдикатот, односно здружението на работодавачите, односно учество или **неучество во дејноста на синдикатот,** односно здружението на работодавачите."*

Во продолжение, членот 198 од ЗРО уредува забрана за нееднакво постапување поради синдикално членство или активности, при што во став 2 од истиот е предвидено:

*„Членството во синдикатот и учество во активностите на синдикатот не смее да биде околност на која работодавачот ќе ја заснова одлуката за склучување на договор за вработување, за промена на работата која работникот ја работи, односно местото на работа, стручното образование, напредувањето, **плаќањата,** социјалните надоместоци и престанок на договорот за вработување."*

Понатаму, во член 205 став 2 од Законот за работните односи е предвидено дека:

*„Општиот колективен договор за јавниот сектор се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите и вработените во јавниот сектор."*

Во однос на Колективниот договор за -------, како грански колективен договор, член 205 од Законот за работните односи предвидува дека:

*(1) Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите и вработените во приватниот сектор.*
*(2) Општиот колективен договор за јавниот сектор се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите и вработените во јавниот сектор.*
***(3) Колективниот договор на ниво на гранка односно оддел, согласно со Националната класификација на дејности се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите кои се членови на здружението на работодавачите потписници на колективниот договор или кои дополнително му пристапиле на здружението.***

Дополнително на ова, согласно член 5 став 2 од Општиот колективен договор за јавниот сектор (Службен весник број: 154/2023) гласи:

*„Со колективен договор на ниво на сектор, оддел или група, односно на ниво на работодавач и со договор за вработување или решение,* ***не можат да се определат понеповолни права од правата утврдени со закон и овој колективен договор, а ако се определени, тие одредби се сметаат за ништовни и се применуваат одредбите од овој колективен договор и од закон.“***

Согласно член 28 став 3 од Законот за работните односи, одредбите од гранскиот колективен договор со кои се утврдени помали или понеповолни права од правата утврдени со законите и актите од ставот 1 на овој член се ништовни. Оттука, Комисијата утврди дека **членот ------- од гранскиот колективен договор** за ------- **е спротивен на наведеното согласно член 28 од Законот за работни односи,** следствено на што претставува основа за понеповолен третман кон подносителката на претставката и останатите вработени кои се наоѓаат во иста фактичка ситуација поради нечленувањето во синдикалната организација.

Врз основа на наводите во претставката, Комисијата утврди дека подносителката докажала дека постои причинско-последична врска помеѓу нечленувањето во синдикатот и фактот дека нејзе и на сите останати вработени кои не се членови на синдикатот, сумата која им се пресметува за исплата на јубилејни награди е двојно пониска од онаа која им се пресметува на вработените кои се членови во синдикатот. Следствено на ова, Комисијата утврди дека ваквото понеповолно постапување се заснова врз фактот дека подносителката не е член на синдикатот, при што врската помеѓу понеповолното постапување и настанатата штета, односно повредата на еднакво остварување на правото на подносителката на јубилејна награда може да се воочи во нееднаквото исплаќање на истата во однос на останатите вработени кои се членови на синдикалната организација. Оттука, произлегува дека член ------- од

Гранскиот колективен договор за ------- предизвикале понеповолно постапување од страна на ------- кон подносителката на претставката единствено поради нечленување во -------, следствено на што за подносителката и на останатите вработени кои не се членови на истиот е предвидена двојно пониска сума за исплаќање на јубилејна награда.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди дискриминација врз основа на нечленување во синдикална организација во областа на работата и работните односи од страна на ------- врз ------- и останатите вработени во ------- кои не се членови на -------.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ------- да изврши воедначено исплаќање на јубилејната награда на подносителката на претставката -------, како и на останатите вработени во ------- кои не се членови на -------, а го оствариле правото на јубилејна награда во 2023 и 2024 година.

Напомена: Доколку лицата не постапат согласно дадените препораки, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од **член 27 став 4** од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседател,
Зекир Абдулов

*Доставено до:*

- *Подносителката*
- -------
- *Архива на КСЗД*